ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 09.07.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник **Борјанчо Мицевски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** - Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Одделение за финансиски прашања

Информација во врска со тековните долгови на Општината и обврска за изготвување на месечни извештаи за истите, кои извештаи да бидат изготвувани и објавувани најдоцна до 5-ти во тековниот месец, со податоци за состојбите во претходниот месец.

Информација во врска со подготовката на месечен финансиски извештај за реализираните трошоци на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, кој треба да биде изготвен на месечно ниво и објавен на веб страната на Општината, најдоцна до 15-ти во месецот, а во функција на отчетно и транспарентно работење на Градоначалникот и на самата единица на локалната самоуправа.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информацијa во врска прочистувањето на повеќе локални патни правци, а врз основа на изготвен писмен распоред на активности, кој е доставен и до Градоначалникот.

Информацијa во врска со активностите поврзани со организираната јавна дебата за проектот за плоштадот и одржаниот состанок за изработка на финалната верзија на самиот проект.

Информацијa во врска со документацијата и динамиката за асфалтирање на улици и крпење на ударни дупки, со акцент на асфалтирањето на улица во нас.Белаво и дел од улица Херој Карпош.

Информацијa во врска со доставата на проект за водомери и проект за спортска сала со извод од ДУП до Министерството за транспорт и врски и на проектот за мињор корито на Дурачка Река до УНДП (со обврска за дополнително известување на наредниот колегиум).

Задолжение за подготовка на листа со потребна техничка документација за нови проектни апликации.

Информацијa во врска со извршена целосна проценка на објекти пред влезот на Здравствениот Дом во Крива Паланка.

Задолжение за подготовка на предмер пресметка за поставување на атлетска (тартан) патека на Градскиот стадион во Крива Паланка.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информацијa во врска со изработката на елаборат за локации за контејнери со изјаснување дека нема време за подготовка на истиот во дадениот рок.

Информацијa во врска со активностите околу дефинирање на локации за автобуски постојки и табли за некролози, со појаснување дека се подготвени потребните скици, кои треба да бидат дополнети со Имотни листови, изводи од ДУП и копија од катастарки план.

Информацијa во врска со подготовката на постамент за поставување на спомен обележје на бранителите и нотирање на потребата од избирање на фирма за подготовка на елаборати.

Задолжение за изработка на проект за Пазар, најдоцна до крајот на месец Јуни 2018 година.

Информацијa во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информацијa во врска со изготвен план и распоред за користење на прв дел од годишен одмор и подготовката на решенија за користење на годишен одмор.

Информацијa во врска со интерен оглас за пополнување на две работни позиции со унапредување на административни службеници.

Информацијa во врска со подготовката на Спогодби за признавање на степен на кариера и изготвување на решенија за плата со вклучен степен на кариера на оние админисративни службеници кои што се стекнале со соодветен степен.

Информацијa во врска со тековните активности и динамиката при изготвувањето на функционална анализа.

Информацијa во врска со другите тековни активнсоти на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со дефинирани проектни апликации преку бирото за финансиска подршка и рурален развој.

Информација во врска со тендерската постапка за изградба на пешачко – рекреативна патека (Висока зона) – проект со Косово.

Информација во врска со подготовката на програма за Кривопаланечко културно лето 2018 година (во соработка со директорот на ЛУ Градски музеј).

Информација во врска со подготвителните активности за манифестацијата Голеш 2018.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Задолжение за финализирање на постапките за проценка на пазарната вредност на објектите во с.Огут, с.Трново и с.Жидилово и отпочнување на постапки за давање под закуп на истите.

Информација во врска со постапката за давање под закуп на површина во Градскиот парк за поставување на урбана опрема.

Информација во врска со достава на решенија за данок на имот.

Информација во врска со подготовката на одлука за давање на канцеларија на користење на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, која да биде усвоена на наредната седница на Советот.

Информација во врска со подготовка на тендерска документација за нафта и огревно дрво.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Задолжение за изготвување на список на јвни локации за уредување.

Информација во врска со доставата на решенија за данок на имот, со кои се задолжени комуналните редари и пресек на реализираната достава и потребната динамика.

Информација во врска со активностите околу дислокацијата на столбови и огревно дрво на локацијата зад MY MARKET.

Подготовка на табли за забрането депонирање на градежен шут кај м.в.Самоков и Карпош.

Информација во врска со тековните активности за создавање на простор за градежен шут кај Градските гробишта.

Информација околу постапката за објектот во кругот на Веибо, која што не е легализирана и насоки на постапување.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со активностите за уредување на 12 автобуски постојки со утврдување на точните локации и бетонирање на платформи за поставување на истите, со посебно барање за добивање на точни податоци за локациите на кои ќе бидат поставени.

Информација во врска со подготвителни активности за уредување на локацијата Пендивир.

Известување за уредувањето на пристапниот пат до спортската сала и околу Градскиот стадион, со акцент на бавното завршување на земјаните работи, поради што е побарано продолжување на рокот за исполнување на оваа обврска до 15.08.2018 година.

Информација во врска со активностите поврзани со водоводот и изместувањето на водоводната линија во с.Узем и с.Костур.

Информација во врска со активностите околу чистењето на долот Нимулија и санацијата на пристапниот пат над Кадиска Чешма, со барање за увид на лице место и детална анализа за опасноста од нарушување на статиката на потпорната стена доколу се измести карпата, во кои услови би се избегнала интервенција на овој пристапен пат.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со тековните активности околу подготовката на програма за Кривопаланечко културно лето и потребната логистика при тековното организирање на настани во рамки на истото.

Информација за тековните активности околу подготовката на листа на спомен обележја и евидентна листа со каталошки податоци за истите.

**Советник за правни работи и застапување - Мартин Николовски**

Информација во врска со организацијата и одржувањето на состанок со СИПР.

Информација во врска со тековните активности за пререгистрација на фондација.

Информација во врска со прибирање на податоци за креирање на листа на приоритети во месните заедници и делегирање на надлежности по повод пристигнати барања од страна на Месните заедници.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**09.07.2018 година, Крива Паланка**